Бр./Nr 12-667/7
21-07-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-667/1 од 04.02.2026 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за непочитување на одредбите од Законот за јавните набавки во ООУ „-------“ с. ------, како и за можно влијание од страна на градоначалникот на Општина ------- во постапките за јавни набавки, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што утврдените состојби се надминати, а неправилностите се отстранети по констатирана состојба од страна на надлежните субјекти.

Предметот со број 12-667/1 од 04.02.2026 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата, на ден 04.02.2026 година, доставена е пријава од непознат подносител со наводи за сомневање за непочитување на одредбите од Законот за јавните набавки во постапките за јавни набавки кои се спроведуваат во ООУ „------“ с. ------ по што е оформен предмет број 12-667/1 од 04.02.2026 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во пријавата се наведува дека градоначалникот на Општина ------- учествува, одобрува, координира или врши влијание врз постапките за јавни набавки во наведеното училиште, а се јавува и како одговорно лице за спроведување на постапки за јавни набавки, како и дека директорот на училиштето ----- постапува во рамки на истите постапки.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК побара информации и документација од ООУ „-----“ с. ----- и од Општина ------ како и изврши увид во доставената релевантната документација.

Од прибавената документација ДКСК утврди дека во одреден временски период постоеле недостатоци во постапувањето на училиштето во делот на спроведување на постапките за јавни набавки, односно одреден период ниту едно лице вработено во училиштето не поседувал важечки сертификат за јавни набавки, а во исто време бил користен кориснички профил во електронскиот систем за јавни набавки преку кој се објавувале огласите за јавни набавки, кој гласел на лице кое не е вработено во училиштето.

Воедно, ДКСК утврди дека овие состојби биле констатирани и од страна на Бирото за јавни набавки, кое упатило укажување заради нивно отстранување.

Од доставените одговори и приложената документација произлегува дека по добивање на укажувањето училиштето веднаш пристапило кон отстранување на утврдените недостатоци, при што е назначено одговорно лице за јавни набавки, ангажирано со Договор од дело кое поседува важечки сертификат за јавни набавки за спроведување на конкретна постапка. Била започната постапка за стекнување на сертификат од страна на вработено лице, извршена е деактивација на корисничките профили на лица кои не се повеќе овластени, вклучително и профилот на градоначалникот и се преземени активности за корекција на податоците во годишниот план за јавни набавки.

До ДКСК е доставено Известување од Основното јавно обвинителство ----- Ко.бр.--/2026 од 21.04.2026 година, од кое произлегува дека и Основното јавно обвинителство ------ постапувало по наводите содржани во анонимната пријава, при што по извршените проверки и увид во расположливата документација, Основниот јавен обвинител донел решение за отфрлање на кривичната пријава поднесена против директорот на училиштето ------- и градоначалникот на

Општина -------- -------, од причина што не постојат елементи на кривично дело кое се гони по службена должност.

Со оглед на утврдената фактичка состојба, ДКСК оцени дека во конкретниот случај не постојат околности кои упатуваат на постоење на корупција, судир на интереси или друга повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси што би налагале преземање на мерки или водење на натамошна постапка во рамките на нејзината законска надлежност.

Имајќи предвид дека констатираните неправилности се отстранети од страна на надлежните субјекти, како и дека по наводите од пријавата постапувало и Основното јавно обвинителство -----, кое не утврдило постоење на кривично дело кое се гони по службена должност, ДКСК оцени дека се исполнети условите за запирање на постапката и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., член/anëtar